1944 година и Советски орден за ослободителите на Белград. Изложените предмети ни оддалеку не придонесуваат за информираноста на советската општествена и културна јавност со местото и придонесот на југословенските народи во борбата против светскиот фашизам. Ништо не е речено ни за соработката на Советската и Југословенската армија во завршните операции за ослободувањето на Југославија. На овие институции треба да им се помогне со доставување на соодветни материјали од југословенска страна.

Советските научни институции, архиви, музеи и библиотеки располагаат со многу значајни материјали и документи и за историјата на југословенските народи и посебно за историјата на македонско-руските односи од XIX—XX век поради посебниот интерес на руската дипломатија за односите на Балканот. Нашите научно-истражувачки институции треба да преземат соодветни истражувања на историска документација на многу теми од македонско-руските односи.

Наредниот XIV-ти Конгрес на историските науки ќе се одржи во САД 1975 година. За нов претседател на Меѓународниот комитет за историски науки е избран Александар А. Грубер од СССР, а двајцата потпретседатели се од САД и Западна Германија.

**Т. П.**

## ДВЕГОДИШНО СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО НА АРХИВСКИТЕ РАБОТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА

На 17 и 18 септември 1970 година во Штип се одржа двегодишно собрание на Друштвото на архивските работници на Македонија. На собранието покрај делегатите присуствуваа и повеќе гости.

Собранието работеше во два дела: стручен и изборен дел.

Првиот ден, пред почетокот на стручниот дел, по повод 60-от роденден на директорот на Архивот на Македонија Димче Мире, му беше оддадено признание за неговата работа во Друштвото како негов почесен претседател и воопшто за придонесот што го даде на полето на архивистиката.

Стручниот дел отпочна со рефератот на Ристо Кирјазовски, виш стручен соработник: „Организација и глобалниот делокруг на градските општини во Македонија со посебен осврт на дејноста на градската општина на Скопје (1869—1912)“.

Рефератот беше доста обемен и достатно ја презентира оваа материја. Во уводниот дел од рефератот дадени се општествено-економските прилики во Отоманската империја во II-та половина на XIX век кои довеле до потребата од реорганизација на локалната управа во целата империја и во Македонија како нејзин дел. Поисцрпно се дадени приликите во Скопје, како седиште на вилает, неговиот развиток во рамките на општиот развиток на градовите во Македонија во овој период.

За да се добие поцелосна слика за локалната управа, истата е дадена до 1877 година кога е доне-

сен Заканот за градските општини и по неа, со осврт на законските одредби и практичните делувања, кое произлегува од големиот број архивски документи.

Потоа е прикажана организацијата на општините и општинските служби преку еден приказ и на крајот дејноста на општините на разни полиња од општествено-економскиот и културниот живот.

Авторот заклучува дека поради просторната ограниченост, изоставени се многу важни моменти од дејноста на општината, од аспектот на историските проучувања, бидејќи целта на рефератот не беше да даде осврт на тие дејности, туку рефератот да го прилагоди за потребите на архивската служба.

Во дискусијата по рефератот беа зафатени повеќе прашања од оваа област. Особено беше забележителна дискусијата која се осврна на видовите документи кои ги создавале општините. При тоа беше истакнато дека зачуваниот материјал од дејноста на градските општини во Македонија изнесува над 20.000 листа и 59 книги со над 600 испишани страници. Сето тоа говори за еден релативно богат фонд за историски проучувања, а од друга страна за потребата од неговата целосна дообработка и прилагодување за научни потреби.

Истиот ден, претпладнето, беше прочитан реферат: „Административно-територијалната поделба на Македонија (1944—1965 год.) од Мирјана Зајковска, архивист.

Во уводното излагање референтот нагласи дека поради бурниот развој на Македонија, често е менувана и нејзината територијална поделба. Така дошло до тоа денес архивите да располагаат со повеќе фондови архивски материјал, за кои е многу важно да се знаат неговите фондообразователи.

Рефератот дава исцрпен приказ на територијалната поделба во разни временски периоди, што главно се засновала на законски прописи донесувани од законодавните органи на републиката.

Попладнето беа поднесени рефератите: „Развојот на републичката управа во Македонија (1944—1963)“ од Олга Вагленарова, архивски помошник II врста и „Развојот на школството во Штип“ од Трајко Донев, директор на Историскиот архив во Штип.

Првиот содржеше глобален преглед на републичката управа, главно републичките органи, а вториот ја прикажуваше борбата на штипјани за самостојно училиште во својот град во крајот на XIX и почетокот на XX век.

На 18 септември беше изборниот дел од собранието. Во овој дел најпрвин секретарот на Друштвото поднесе извештај за двегодишната работа. Важно место во извештајот му беше посветено на иследувањето и пронаоѓањето документи важни за историјата на Македонија. Беше истакнато дека на ова поле постигнати се видни резултати. Пронајдени се и прибрани во архивите значајни документи од земјата и странство, а иследувањата континуирано продолжуваат. Во внатрешната работа во архивите направен е чекор напред кон поцелосно прилагодување на архивскиот материјал за научните потреби.

Во обемната дискусија по извештајот се укажа на некои недостатоци, меѓу кои и недоволната соработка со Друштвото на историчарите на Македонија.

На крајот се изврши избор на нов Извршен одбор и Надзорен одбор и со тоа собранието ја заврши работата.

**Н. В.**

**ПРЕСТОЈ НА ГРУПА СТУДЕНТИ од Историскиот факултет на Државниот универзитет од Вороњеж (СССР) во Македонија, од 2 до 20 IX 1970 год.**

Врз основа на склучената Конвенција за соработка помеѓу Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје и Државниот универзитет во Вороњеж (СССР), годинава од 2 до 20 септември престојуваше група од 15 студенти, раководени од двајца наставници (Валентина Г. Ситник, универзитетски наставник по методика на наставата по историја и Анатолиј Д. Прјахин, доцент по предметот првобитно општество и историја на стариот век од Историскиот факултет на споменатиот Универзитет во Вороњеж).

Ова е прва размена на студенти што беше остварена според договорот за соработка помеѓу двата универзитети. Престојот и програмата за истиот го организира Ректоратот на Универзитетот со Деканатот и Катедрата по историја на Филозофскиот факултет во Скопје. Како придружник и одговорен за реализација на програмата на гостите им беше придодаден Д-р Воислав Кушевски, доцент на Филозофскиот факултет.

Предвидена како почеток на наставната работа во новата академска година (1970/71), програмата на предавањата, која беше составена по предлог на гостите, беше наполно реализирана. Имено, во времето на нивниот престој беа одржани следниве теми:

На 3. 9. 70 година, „Советско-југословенските културни врски" од проф. Љубен Лапе, редовен професор на Филозофскиот факултет; На 4. 9. „Организацијата на архивното дело во Југославија" од Тодор Талевски, пом. директор на Архивот на Македонија; На 5. 9. „Организација на музејското дело во Југославија" од д-р Иван Микулчиќ, доцент на Филозофскиот факултет во Скопје; На 7. 9. „Историја на архитектурата во Југославија" од д-р Крум Томовски, проф. на Архитектонско-градежниот факултет; На 9. 9. „Системот на народното образование во Југославија" од доц. Анатолиј Дамјановски; На 10. 9. „Движењето на отпорот во Југославија", I дел од Славка Фиданова, доцент на Филозофскиот факултет во Скопје; На 11. 9. „Движењето на отпорот во Југославија", II дел од Славка Фиданова; На 12. 9. „Основните етапи во развојот на Социјалистичка Југославија" од д-р Воислав Д. Кушевски, доцент на Филозофскиот факултет во Скопје; На 13. 9. „Системот на хуманистичкото образование во југословенските универзитети" од д-р Јонче Јосифовски, ред. проф. на Филозофскиот факултет во Скопје; и на 14. 9. „Современата литература на народите на Југославија" од д-р Ѓорѓи Сталев, доцент на Филозофскиот факултет во Скопје.